Врз основа на член 9-д од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19) и член 8 став (2) од Уредбата за посебните услови, начинот и постапката за добивање на одобрение за летање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 264/21), директорот на Агенцијата за цивилно воздухопловство донесе

Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veri
Агенција за цивилно воздухопловст
Agjencia e Aviacionit Civil
Бр.-Nr. 10-377/2
31-03-2023 год.-viti

**РЕШЕНИЕ**

**за утврдување на Редот на летање за IATA Летната сезона 2023**

1. **СЕ УТВРДУВА** Редот на летање на сите редовни превозници кои летаат до и од Република Северна Македонија за IATA Летната сезона на летање 2023 односно периодот од 26 март до 28 октомври 2023 година.

2. Превозниците треба да го вршат редовниот јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај врз основа на меѓународните договори што ја обврзуваат Република Северна Македонија, Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15, 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19), Законот за облигациони и стварно правни односи во воздушниот сообраќај ("Службен весник на Република Македонија" бр. 85/08, 148/11, 10/15, 150/15 и 173/15) и другите прописи кои важат во Република Северна Македонија.

3. Превозниците се задолжуваат согласно член 37 став (3) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19) да доставуваат месечен извештај за редовноста и уредноста на воздушниот сообраќај до Агенцијата за цивилно воздухопловство кој треба да содржи податоци за реализираните летови, бројот на превезени патници и други информации потребни за следење на воздушниот сообраќај.

4. Превозниците се задолжуваат согласно член 84 став (3) од Законот за воздухопловство ("Службен весник на Република Македонија" бр. 14/06, 24/07, 103/08, 67/10, 24/12, 80/12, 155/12, 42/14, 97/15, 152/15 27/16, 31/16, 64/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 220/19) пред почетокот на IATA Летната сезона на летање 2023 да ја доставaт до Агенцијата за цивилно воздухопловство (на е-пошта dimeri@caa.gov.mk) Програмата за обезбедување на превозникот, одобрена од надлежната воздухопловна власт на земјата која го издала уверението за исполнување на безбедносните услови (AOC).

5. Превозниците ќе бидат предмет на RAMP инспекции од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на летачки операции, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор за летачки операции ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 64/21) и Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење надзор на воздухоплови, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор на воздухоплови, ("Службен весник на Република Македонија" бр. 49/22) во кои се транспонирани соодветните ЕУ прописи за вршење на RAMP инспекции.

6. При вршењето на редовен јавен воздушен превоз во меѓународниот воздушен сообраќај превозниците треба да ги почитуваат важечките прописи за патничките права и истите ќе

бидат предмет на инспекција од страна на Агенцијата за цивилно воздухопловство на Република Северна Македонија согласно Правилникот за начинот, правилата и посебните услови за вршење на надзор на заштитата на патничките права во воздушен сообраќај, како и посебните услови кои треба да ги исполнува лице за да врши работи на инспектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 215/16 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 119/19).

7. Врз основа на ова решение Агенцијата за цивилно воздухопловство ќе издаде посебни одобренија за летање на странските превозници наведени подолу, со исклучок на ЕЗВО превозниците кои летаат 3-та и 4-та слобода.

8. Непридржувањето кон горе-наведените задолженија и посебните одобренија за летање од точка 6 на ова решение ќе биде основа за нивно повлекување.

9. Со ова решение се укинува Решението со број 10-377/1 од 14-03-2023 година.

10. Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**Директор**
**д-р Томислав Тунтев**

Доставено до Архива и до:

1. Austrian Airlines;
2. Air Serbia;
3. Aegean Airlines;
4. Air Cairo;
5. Croatia Airlines;
6. Chair Airlines;
7. Easy Jet Switzerland;
8. Wizz Air Hungary;
9. Wizz Air UK;
10. Pegasus Airlines;
11. Edelweiss Air AG;
12. Lot Polish Airlines;
13. Turkish Airlines;
14. Sun Express Airlines;
15. Norwegian Air Shuttle;
16. Lufthansa and
17. Wizz Air Malta.